РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-1973/2
02-03-2026 год.

# КОНКУРС

## За пријавување на ученици за аудиција за Детски фестивал

## "КИСЕЛКО"

Општина Кисела Вода распишува КОНКУРС за пријавување на ученици за учество на аудиција.

**Цел на повикот**

Поттикнување на активно учество на децата во општествениот и културниот живот на општина Кисела Вода. Фестивалот има за цел да ги открие, поттикне и афирмира младите музички таленти, да ја развие љубовта кон музиката и сценскиот настап кај децата и да создаде можност за нивна јавна интерпретација.

**Кој може да се пријави**

Право на пријавување имаат ученици на возраст од 6-12 години од сите основни училишта на територија на општина Кисела Вода

**Услови за аудиција**

- Кандидатите треба да подготват една песна
  ( детска, забавна или авторска композиција)
- Настапот да трае најмногу 3 минути
- Придружба може да биде матрица или инструмент во живо

**Начин и рок на пријавување**

Пријавувањето се врши со доставување на пријавен лист во училиштето каде учи кандидатот

**Рок за пријавување :**

02.03.2026 - 06.03.2026 година

**Термин и место на оддржување на Аудицијата**

Аудицијата ќе се оддржи на 09.03.2026 година во ОУ,,Рајко Жинзифов,, со почеток во 10 часот.

**Изор на учесници**

Комисија ќе изврши избор на учесниците кои ќе настапат на финалната вечер на фестивалот. Избраните кандидати ќе бидат дополнително известени.

Ги повикуваме сите млади и талентирани ученици да се пријават и да станат дел од веселата музичка сцена на фестивалот ,, Киселко,,

**До: Комисија за избор на ученици од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода за Детски фестивал "КИСЕЛКО"**

ПРИЈАВА

Од (име и презиме) ________________________________________________,
ученик од ООУ„ ____________________________________“, Општина Кисела Вода.

Барањето го поднесувам по однос на Конкурс за избор на ученици од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода кои ќе учествуваат на аудиција за Детски фестивал "КИСЕЛКО"

Во прилог на пријавата Ви доставувам Согласност од родител/старател.

------------------------------------

Подносител

# ИЗЈАВА

Лицето_____________________________________________________ родител-старател на ученикот______________________________________________________________________од ООУ„ _________________________________________________“ Општина Кисела Вода како субјект на лични податоци дава **СОГЛАСНОСТ** за обработка на личните податоци потребни при пријавување на Конкурс за избор на ученици од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода кои ќе учествуваат за аудиција за Детски фестивал "КИСЕЛКО".

Изјавил родител – старател

_________________

(*Име и презиме*)

_________________

(*потпис*)

_________________